Број 3

Билтен на АгБиз мај 2010

# Резултати од проектите за деловен развој на агробизнисите

## Догледање за претходниот и добредојде за новиот директор

„Ми претставуваше особено задоволство да соработувам со Програмата АгБиз, уште од самиот почеток кога работев на предлогот за започнување на програмата, како и во текот на следните три години во кои се развиваше и прерасна во зрела, значајна и одржлива програма за унапредување на извозот на земјоделските фирми. Во изминатите три години клиентите на АгБиз постигнаа огромни резултати во рамките на активностите и проектите за деловен развој што ги поддржа АгБиз. Овие резултати беа постигнати со тесна соработка меѓу нашиот тим од професионалци и клиентите, што им овозможи на нашите клиенти успешно да ги осмислат и спроведат своите проекти за деловен развој. Горд сум на нашите заеднички постигнувања!“, рече Џејмс Максвел, виш технички советник/раководител и поранешен директор на АгБиз.



Васко Хаџиевски, Директор на АгБиз

Како одраз на развојот на АгБиз и истовремено признавајќи ги знаењата и големите способности на локалните вработени, во месец мај должноста на директор на проектот ја презеде Васко Хаџиевски, кој работеше како менаџер за институционални реформи и политики. Васко има големо искуство со проекти финансирани од УСАИД. Пред да му се придружи на тимот на АгБиз, тој работеше за Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА).

## Поздравна церемонија во чест на проектите за унапредување на извозот



Американскиот амбасадор Филип Т. Рикер им се обраќа на присутните

На 4 мај, на Поздравната церемонија во чест на проектите за унапредување на извозот, Програмата АгБиз им честиташе на дваесет водечки македонски земјоделски извозници за успехот во спроведувањето на нивните проекти за деловен развој. Проектите беа спроведени во период од 18 месеци, врз основа на договори за грант кои ги потпишаа со УСАИД и Програмата АгБиз.

Дваесетте проекти беа избрани од вкупно 82 поднесени и оценети апликации од ланците на вредност што ги поддржува АгБиз: вино, трпезно грозје, свеж зеленчук, преработки од зеленчук и самоникнати плодови. Овие проекти се фокусираа на подобрување на конкурентноста на македонските агробизниси преку додавање вредност на постојните производи, развој и проширување на нови извозни пазари, зголемување на капацитетите на фирмите и спроведување на стандардите за безбедност на храната. Претставниците на ланците на вредност дадоа кратка презентација на влијанието на проектите врз овие фирми и врз целиот ланец на вредност. Резултатите од ланците на вредност се претставени во рубриките на овој билтен!

„АгБиз е врвен пример за успешно користење на моќта на пазарните сили“, рече американскиот амбасадор Филип Т. Рикер на Поздравната церемонија. Проектите на АгБиз за деловен развој остварија извоз од 28,5 милиони УСД во 2009 г. и поттикнаа дополнителни инвестиции, во приватниот сектор, во вредност од преку 7,6 милиони УСД.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г. Љупчо Димовски им се обрати на присутните меѓу кои имаше и претставници на надлежните министерства: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија, како и претставници на донаторски организации, консултански фирми и медиуми.

### Резултати по завршувањето на проектите за деловен развој

- **Зголемена вредност на набавените суровини – 4,3 милиони евра**
- **Зголемена продажба – речиси за 5,0 милиони евра**
- **Зголемен извоз – преку 3,1 милион евра**
- **Поттикнати инвестиции <u>7,7 милиони УСД</u>**
- **Рурални домаќинства што имале придобивки – <u>10.162</u>**
- **Нови вработувања - <u>561</u>**
- **Искористени ресурси од УСАИД – <u>6%</u>**

### Во овој број:


| | |
|---|---|
| Вино | 2 |
| Преработки од зеленчук | 2 |
| Свежо овошје и зеленчук | 3 |
| Самоникнати видови | 3 |

# Резултати од проектите за деловен развој на агробизнисите

## Во новиот оддел на Бовин со барик буриња



***„Овој проект ни овозможи да го подобриме имиџот на нашата винарија со што нашата винарија стана поприврлечна за туристите! Сега туристите почесто не посетуваат и побарувачката за високо-квалитетните вина на Бовин е зголемена!“***, *рече Јани Богевски, менаџер за продажба во Бовин – слика горе*

## Амбасадорот на САД во посета на Дентина



***„Со овој грант успеавме да го зголемиме производството за 100%, да ги намалиме производните трошоци и да ја зголемиме побарувачката за производите на Дентина во Хрватска за 40%“***, *изјави Трајче Карадаковски, сопственик на Дентина – прв од десно на сликата горе*

## Вино

Ланецот на вредност за вино е еден од најголемите земјоделски ланци на вредност во Македонија и има многу голем потенцијал за раст на извозот.

Во него има 83 формално регистрирани винарии, од кои повеќето (90%) имаат помал капацитет од 50.000 хл., пет имаат капацитет од 51.000 до 150.000 хл., а три имаат капацитет од 150.000 до 500.000 хл. Околу 60% од производството се црвени вина, а 40% се бели вина.

Србија и понатаму е првата извозна дестинација за македонското вино во шишиња, додека Германија купува околу 50% од вкупниот извоз на наливно вино што претставува 90% од вкупниот извоз на македонското вино во земјите на ЕУ.

Најважната цел на АгБиз во овој ланец е да им помогне на македонските винарии да ги зголемат извозот на вино во шишиња и просечната цена.

АгБиз ги поттикнува македонските винарии да применуваат маркетинг што се темели врз побарувачка така што им помага да посетуваат меѓународни трговски саеми и да научат како поуспешно да ги продаваат своите производи на развиените пазари, но исто така и да го подобруваат квалитетот и да ги зголемуваат количините на нивните производи.

За да го постигне ова, АгБиз го поддржа учеството на 29 винарии на меѓународни трговски саеми, обуки, студиски патувања, работилници, и сл.

Четири од овие винарии, Агролозар/Далвина, Попова Кула, Визба Валандово и Бовин, добија грантови за проекти за деловен развој кои резултираа со:

- пристап на нови извозни пазари;
- поголема додадена вредност и продажба на врвни вина со воведување на технологијата на стареење во дабови буриња;
- премин од продажба на наливно кон продажба на вино во шишиња со развивање на палета од вина со висок квалитет;
- поголем извоз на флаширано вино; и
- подобра технологија за производство на грозје и производство на вино.



Попова кула



Визба Валандово



Агролозар/ Далвина

## Преработки од зеленчук

Ланецот на вредност на преработки од зеленчук има важна улога во македонското земјоделство.

Индустријата е значително ориентирана кон извозот. Во последнава декада, во земјоделството постојано се подобруваат резултатите преку зголеменото производство и зголемената вредност на извозот, и е потребна голема работна сила.

Ланецот на вредност се состои од околу 55 фирми, а повеќето учесници произведуваат производи за широка потрошувачка, амбалажирани во стаклени тегли, но и во алуминиумски или пластични пакувања. Најголемиот дел од извозот 54% оди на пазарите на поранешна Југославија, а околу 46% оди на далечните пазари во Австралија, САД, Швајцарија, Канада, Албанија, Норвешка, Русија и Украина.

Како и кај виното, Србија е најголемиот увозник на македонски преработки од зеленчук и овошје, со 33% од вкупната вредност на извозот.

Во овој ланец АгБиз има поддржано 46 различни клиенти преку различни видови на извозно ориентирани активности и проекти за унапредување на конкурентноста.

Овде влегува и помошта за извозно ориентираните проекти за деловен развој на пет клиенти од ланецот, кои придонесоа за нивна поголема извозна конкурентност. Петте добитници на грант се Бонум Плус, Випро, Дентина, Ларс и Авто Риа.

Резултати од проектите:

- поголема пазарна застапеност на регионалните и на пазарите на ЕУ и успешно пристапување кон нови пазари;
- помош за клиентите да почнат да извезуваат за големите големопродажни и малопродажни синџири како Кауфланд и групацијата Меркатор;
- проширени и/или модернизирани капацитети за преработка;
- набавка на нова центрифуга за отстранување на водата од суровината пред сушење, со што фирмата што произведува дехидрирани производи ги намалува периодот на сушење и потрошувачката на енергија; и
- помош за клиентите во исполнувањето на стандардите за безбедност на храната, ISO и HACCP.



Авто Риа



Випро



Ларс



Бонум Плус

# Свежо овошје и зеленчук


Пеца Комерц


Агрос


Бацо


Ледра Агро


Агрохемија

Ланецот на вредност за свежо овошје и зеленчук главно се состои од агробизниси кои произведуваат и/или продаваат трпезно грозје и свежи јаболка.

Македонија има долготрајна традиција на одгледување овошје и добри климатски услови. Ланецот на вредност за свежо овошје и зеленчук игра важна улога во македонскиот агробизнис и има огромен извозен потенцијал.

Од вкупниот македонски извоз на храна и прехранбени производи кој изнесува околу 254 милиони УСД, 20,6% отпаѓаат на петте најтргувани свежи зеленчуци: пипер, домат, зелка, краставица и лубеница.

Во последните десет години, вкупната вредност на извозот на овие пет производи се зголеми од 16,2 на 52,2 милиони УСД, при што најголемиот пораст беше забележан кај извозот на домати и зелка.

АгБиз директно поддржа 26 извозници на свежо овошје и зеленчук преку различни видови активности за унапредување на извозната конкурентност, меѓу кои активности за подобро ракување по бербата, обуки за стандардите за безбедност на храна, студиски посети, трговски саеми и директни средби меѓу фирмите.

Пет од овие фирми добија грантови за проекти за извозно ориентиран деловен развој: Агрос, Гоце Делчев Тиквеш, Ледра Агро, Пеца Комерц и Бацо.

Овие проекти резултираа во:

- подобар принос и квалитет на производите со поставување на систем за наводнување капка по капка на 40 хектари;
- продавачите на свежи производи можат да понудат подобро сочувани производи со подобар квалитет во соодветна амбалажа поради изградбата на модерни ладилници и капацитети за пакување;
- успешно решавање на проблемот од недостиг на работна рака во периодите на берба, со набавка на механизација за таа намена; и
- Подобар квалитет како резултат на спроведувањето и сертифицирањето на стандардот HACCP во центрите за пакување.

# Самоникнати видови


Виган


Интер-Мак


Коколански


Флорес

Ланецот на самоникнати видови се состои од фирми што собираат самоникнати печурки и бобинки, како и лековити и ароматични билки.

Годишниот извоз на самоникнати плодови достигнува околу 17 милиони УСД. Во собирањето самоникнати плодови учествуваат околу 60.000 собирачи, повеќето од економски загрозените групи, кои живеат во високо руралните средини.

Најголемите извозни пазари за самоникнати видови се наоѓаат во ЕУ. На Италија отпаѓа повеќе од 50% од вкупната вредност на извозот. Околу 70% од вкупно собраните самоникнати печурки во Македонија се сушат, помал процент се замрзнуваат, а уште помал процент се конзервираат во саламура и се продаваат свежи.

Во согласност со важноста на овој ланец на вредност, АгБиз поддржа околу 100 фирми преку многу активности како што се: спроведување на системи за безбедност на храна (како HACCP), сертификација за органско производство, учество на важни трговски саеми и студиски посети, и развивање на трговско здружение за самоникнати видови.

Во април, минатата година, најголемите македонски извозници на самоникнати видови го формираа трговското здружение „Шумски плод“, за да ги застапува и претставува интересите на овој сектор, со што овој ланец на вредност ќе стане пооддржлив и поконкурентен.

Покрај поддршката за фирмите што ја обезбедува на повеќе нивоа, АгБиз додели грантови на пет извозници на самоникнати видови за спроведување на извозно ориентирани проекти за деловен развој.

Тие се: Интер-Мак, Виган, Коколански, Флорес и Коро. Спроведените проекти успешно ги оствarија следните резултати:

- поголем квалитет и количина на преработените печурки;
- спроведување на HACCP системот ;
- подобри и значително поголеми капацитети на фирмите за преработка и чување;
- зајакнато присуство на фирмите на регионалните и пазарите во ЕУ;
- органско сертифицирано производство; и
- нови линии за органско производство.

## Во модернизиран ладилник и центар за пакување




***„УСАИД и Програмата АгБиз ни помогнаа да поставиме систем за наводнување капка по капка на 40 хектари лозје. Со овој проект успеавме да го подобриме квлаитетот и додадената вредност на нашето трпезно грозје поради што нашата фирма е поконкурентна на регионалните пазари“,*** *рече Јорданчо Ѓорчев, менаџер за продажба на ГД „Тиквеш“ - слика горе*

## Штандот на Коро (Конимекс) на саемот АНУГА во Германија




***„Со помош од АгБиз го сертифициравме нашиот процес на собирање и преработка на самоникнати плодови, а изработивме и високо-квалитетни промотивни материјали кои сега ги користиме за да ги промовираме нашите производи пред потенцијалните извозни клиенти“,*** *изјави Павле Коловски, сопственик на Коро*

Програмата АгБиз на УСАИД има за цел да го зголеми економскиот раст во Македонија преку проширено и еколошки одржливо производство и продажба на земјоделски производи со додадена вредност, што ќе се постигне преку унапредување на способноста на производителите и преработувачите да бидат поконкурентни во регионални и глобални рамки.

Од март 2007 г. до денес, Програмата АгБиз соработуваше со над 180 земјоделски фирми во четири ланци на вредност: свеж зеленчук и овошје, вино, трпезно грозје, преработки од зеленчук и самониknати видови. Програмата им овозможува на своите клиенти од земјоделскиот сектор да ги идентификуваат, разберат и одржливо да се пробиваат на извозните пазари со производи со додадена вредност, овозможува зајакнување на пазарните врски меѓу производителите, преработувачите и трговците, унапредување на управувањето и работењето, остварување на поголеми приходи за земјоделските производители и преработувачи и создавање на можности за нови вработувања.

До денес, АгБиз има поддржано 25 организации на производители и четири трговски организации низ следните видови на активности:

- 18 трговски саеми (на кои учествуваа 174 лица);
- 20 студиски патувања (на кои учествуваа 127 лица) и
- 27 обуки и работилници

Преку активностите на АгБиз за унапредување на капацитетите беа обучени над 1.200 лица, агробизнисите добија помош за потпишување на извозни нарачки во вредност од 10,7 милиони евра, а 36 агробизниси добија помош за идентификување на финансиски извори во износ од над 6,9 милиони УСД.

АгБиз ќе продолжи да организира различни активности за унапредување на капацитетите за да им помогне на македонските агробизниси да станат поконкурентни на извозните пазари.

***АгБиз им помага на македонските агробизниси во ланците на вредност со добар потенцијал за зголемување на извозот, да ја разберат побарувачката и да постигнат нивните производи да станат поконкурентни на извозните пазари!***

**Ќе не́ најдете на интернет!**
**www.agbiz.com.mk**

Иво Лола Рибар 57/3
1000 Скопје
Република Македонија

Тел.: (+389 2) 321 7060 лок. 115

Факс: (+389 2) 321 3605

Моб.: (+389 70) 29 34 34

е-пошта: nstankovic@agbiz.com.mk

## Тимот на АгБиз

- **Васко Хаџиевски,** Директор на програмата
- **Наташа Лазовска,** Заменик директор – финансии и договори, администрација и човечки ресурси
- **Горан Димовски,** Заменик директор - технички операции
- **Ловре Ристевски,** Менаџер на ланец на вредности за свежо овошје и зеленчук и пристап до финансии
- **Сашо Ристески,** Соработник за ланецот на вредности - преработки од зеленчук
- **Горан Ангеловски**, Менаџер за развој на асоцијации, врски со производителите и безбедност на храна
- **Наташа Н. Станковиќ**, Менаџер за односи со јавност, пазарни информации и животна средина
- **Соња Петровска**, Специјалист за мониторинг и евалуација
- **Елена Катлановска,** Асистент за финансии, администрација и технички операции
- **Елена Петровска,** Практикант за финансии и администрација

Овој Билтен го изготви АгБиз програмата на УСАИД, со поддршка од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД). Ставовите искажани во овој билтен не ги изразуваат ставовите на УСАИД и Владата на САД.